# ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023

## Електронско бирање предмети iKnow:

**10.09.2022 - 28.09.2022**
**втора година – до 21.09.2022**
**трета година – до 25.09.2022**
**четврта година и повеќе до 28.09.2022**

**Поднесување документи во Студентски прашања**
**со задолжително електронски избрани предмети**

**2 година: 22.09. - 23.09.2022**

**3 година: 26.09. - 28.09.2022**

**4 година и повеќе: 29.09. – 30.09.2022**

**Работното време со студенти во наведениот период е од 8:30 до 15:30 часот**

**ПАУЗА 10:00 ДО 10:30 часот**

**Ве молиме за задолжително почитување на термините по студиски години во спротивно по истекот на последниот рок од терминот по студиска година се смета за задоцнето запишување.**

| ПРОСТОРИИ КАДЕ ЌЕ СЕ ВРШИ ЗАПИШУВАЊЕТО | СТУДИСКА ПРОГРАМА |
|---|---|
| СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА | -Англиски јазик и книжевност |
| Сала за толкување | -Преведување и толкување<br>-Француски јазик и книжевност<br>-Општа и компаративна книжевност |
| Предавална 15 (Нова просторија)<br>До Библиотеката на Катедрата за албански јазик и книжевност | -Албански јазик и книжевност<br>-Италијански јазик и книжевност<br>-Славистика<br>-Шпански јазик и книжевност |
| Мал амфитеатар А1 | -Германски јазик и книжевност<br>-Турски јазик и книжевност<br>-Македонски јазик<br>-Македонска книжевност |

**ЕЛЕКТРОНСКО БИРАЊЕ:** Ве молиме по извршеното бирање на предметите повторно да го проверите вашиот профил, односно избраните предмети.

**ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ:**

1. **Предмети кои ќе ги запишувате (слушате) во зимскиот семестар 2022/2023 задолжително претходно да ги изберете во iKnow.**

2. **Уплатница во износ од 750 денари -** за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со назнака ИКСА на УКИМ , Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на жиро сметка 100000000063095 депонент: НБРМ со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18 приходна шифра 723012,

програма 41

3. **Потврда за уплата на 500 денари** за: електронска евиденција и надомест за штети. Уплатата треба да се изврши на следнава жиро сметка:Назив на примачот: Буџет на РМ - ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ„БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ Банка на примачот: НБРМ Сметка: 100000000063095 Сметка на буџетски корисник: 1600104235 788 10 Приходна шифра: 723012 Програма 41

4. **Пополнет индекс** во кој се запишани претходно избраните предмети согласно упатството во прилог 2

5. **Уплатница за школарина**, уплатена на сума пресметана според тоа колку кредити запишува студентот, согласно упатството во прилог 1

**УПЛАТИТЕ ЗА ПРЕЗАПИШУВАЊЕ ДА БИДАТ НА 1 ПОСЕБНА УПЛАТНИЦА**

**Студентите се должни запишаните изборни и слободни изборни предмети кои нема да се активираат поради мал број на студенти или евентуално поклопување на термините за настава да ги заменат најдоцна до 28 СЕПТЕМВРИ 2022 година.**

## ВАЖНИ НАПОМЕНИ:

- Согласно Правилата за студирање на студиските програми прв циклус универзитетски студии на Филолошкиот факултет кој гласи “студентите од прв циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е два пати подолго (4 + 4 години)  од пропишаното траење на студиите”
- Студентите запишани во квота со партиципација (државна квота) го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина ако: еден предмет запишува по трет пат; не освоил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар до почетокот на наредниот соодветен (зимски, односно летен) семестар; доколку прекинот на студиите трае 3 (три) и повеќе последователни семестри.
- Студентите коишто го положиле последниот испит од студиската програма и им е останата само одбраната на  дипломскиот труд треба веднаш по положувањето на последниот испит да го достават индексот во Одделението за студентски прашања за проверка на студентското досие и исполнетоста на условите за одбрана на дипломскиот труд.
- Студентите кои го имаат запишано дипломскиот труд и на кои рокот за изработка односно одбрана на дипломскиот труд го преминува рокот за запишување на зимскиот семестар вршат запишување на зимскиот семестар без уплатница за запишување на предмет т.е. кредити за дипломски труд. Оние студенти кои дипломскиот труд им останува како обврска во зимскиот семестар се должни истиот да го запишат.
- Студентите запишани во академската 2015/2016 должни се да ги завршат своите обврски согласно студиската програма до 30.9.2023 година.

# ПРИЛОГ 1 - ПРЕСМЕТУВАЊЕ ЗА УПИС ПО КРЕДИТ ЗА СТУДЕНТИ ПО МОДУЛАРНИ СТУДИИ

**Запишување предмет – 1 ПАТ**

1 кредит кофинансирање = 410 денари

1 кредит државна квота = 205 денари

**Запишување предмет – 2 ПАТ**

Цената на предметот по кредити

+

600 ден.

**Запишување предмет ПОВЕЌЕ ОД 2 ПАТИ**

Цената на предметот по кредити

+

1200 ден.

**ЕДЕН ПРЕДМЕТ = 5 КРЕДИТИ**

5 кредити X 205 денари = 1025 ден.

5 кредити X 410 денари = 2050 ден.

**ДРЖАВНА КВОТА 200€**

Предмет

Предмет

Предмет

Предмет

Предмет

Предмет X 1025 ден. = 6150 ден.

Предмет X 1025 ден. = 7175 ден.

Предмет X 1025 ден. = 8200 ден.

**СУМА ЗА 6 ПРЕДМЕТИ**

**СУМА ЗА 7 ПРЕДМЕТИ**

8-ми предмет само со просек поголем од 8.5

**КОФИНАНСИРАЊЕ - 400€**

Предмет

Предмет

Предмет

Предмет

Предмет

12300 ден. = 2050 ден. X Предмет

14350 ден. = 2050 ден. X Предмет

16400 ден. = 2050 ден. X Предмет

# - ПРИЛОГ 2 -

# УПАТСТВО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ/ПРЕЗАПИШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

## ПРЕЗАПИШУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ИНДЕКСОТ Е ИСКЛУЧИТЕЛНО ПО СЛЕДНИОТ РЕДОСЛЕД

**НЕПОЛОЖЕНИ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ**

**СМЕНЕТИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ**

**НЕПОЛОЖЕНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ**

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОД ТЕКОВЕН СЕМЕСТАР**

**ИЗБОРНИ ОД ТЕКОВЕН СЕМЕСТАР**

До максимум од **30 кредити** (6 предмети)

7 предмет (до 35 кредити) се доплаќа види упатство за пресметување **односно 40 кредити** за студенти со **просек** повисок од **8.5,само за предмети со цел за побрзо напредување на студиите**

**НАПОМЕНА: Максималниот број на студенти во слободен изборен предмет е 50** (односно првите педесет студенти кои го избрале предметот како слободен изборен)